РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1771/2
27-07-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 50-тата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата поднесена до Државната комисија за спречување на корупцијата под број 08-1771/1 од 04.05.2021 година, од страна на непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема основ за надлежно постапување на ДКСК во предметот со број 08-1771/1 од 04.05.2021 година.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Предметот со број 08-1771/1 од 04.05.2021 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-1771/1 од 04.05.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се изнесени наводи за незаконски стекнат имот од страна на лицето _______________ поради што се бара испитување на потеклото на имотот на неветотото лице и имотот на членовите на неговото семејство.

Во пријавата се наведува дека именуваното лице извршувало повеќе функции и позиции и тоа _______________ на __________________, советник ____________________ како и заменик директор на ____________________, при што на нелегален начин, преку криминални дејствија, рекет и слично се стекнал со недвижен и подвижен имот.

По разгледување на содржината на пријавата, и од иствршните административни проверки, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во конкретниот случај се работи за лице кои во моментот нема статус на службено лице поради што заклучи дека согласно со одредбите од Законот за

спречување на корупцијата и судирот на интереси нема основа за нејзино надлежно постапување во конкретниот случај.

Воедно, имајќи ги во наводите изнесени во пријавата за нелагални дејствија од страна на именуваното лице, ДКСК заклучи пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч, рак.на одделение
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**